**Податоци за анкетата**

**Тип:** Теренска, стандардизирана анкета од затворен тип и можност за одредени наративни одговори, кои не се анализираа во текот на сумирање на резултатите, туку имаа само методолошка вредност. Анкетата користеше **„примерок на случајно движење“** (random walk sample) со статичен анкетар, кој користи алгоритам за избор на испитаниците.

**Начин на анкетирање:** со обучени анкетари и инструктори (контролори). Исклучиво индивидуално анкетирање. Испитаниците беа замолени за соработка низ **прагматичка мотивација,** а ако имало потреба и со **катартичката мотивација**.
Анкетните прашалници и анкетирањето се пополнуваа на 2 јазици (македонски и Албански).

**Време на спроведување**: Од 15 – ти до 27 - ми мај 2016 година. Теренскиот дел од анкетата траеше вкупно 6 дена, со дополнителни 3 дена за корективно анкетирање и теренскиот дел и телефонската анкета, како контролна и со методолошка важност.

**Места, кои се земени за анализа, од оние во кои анкетата спроведена**: Скопје (8 локации), Битола, Прилеп, Гостивар, Тетово, Охрид, Штип, Велес. Селата беа групирани по општини: Прилепско, Охридско, Битолско, Скопско, Ново Село, Гевгелиско, Маврово и Ростуше.

**Бројност на анкетни тимови и анкетари**: 6 анкетни тима со 18 анкетари и 6 теренски инструктори. Делумно ангажирана агенција за помош во реализацијата на теренската анкета во одредени места.
Сите теренски анкетари беа обучени и на секои 3 анкетари имаше 1 теренски инструктор (тим), кој во секое време го посматраше анкетирањето на секој анкетар. Тука можност за грешка не постои.

**Популационен примерок:** 0,5 промили од целокупното население во РМ , односно 1.011 испитаници.
**Репрезентативност на примерокот** е постигнат со анкетирање во 8 градови и 21 село, групирани во 7 региони, како и со внимавање на етничката репрезентативност.
**Претпоставен степен на доверба:** (95 %)
**Посакувана прецизност на мерење**: ±3 – 5

При анализата одговорите се поставуваа во посакувани корелации спрема испитаниците, заради кои се бележеа некои ставки на персоналитетот. Како важни корелации ги поставивме:
Образование – познавања
Образование – партиска припадност
Етнос – мислења за низа ставови
Образование – ставови
Урбано – рурално
Состојба со вработеност
Висина на примања

Прашалникот беше оптимализиран за анкетирањето да трае до максимум 15 минути и беше тестиран преку две скрининг групи и преку работилница за неспуриозност.

## Општи запазувања за корелацијата на персоналитетот на испитаниците со одговорите на анкетните прашања

**Образование – партиска припадност.**

Партиската припадност на позициските партии беше повеќе видлива кај пониско образованиете личности и во селата, освен во Скопје кај Македонците, додека кај оние, за кои оценивме дека се наклонети против нив, припадноста повеќе ја истакнуваа интелектуалците. Така, 20,5% од испитаниците во селата ги окарактеризиравме како позиционо настроени, 14,8% опозиционо настроени, додека во градовите, сметаме дека 12,8% од испитаниците се позициски и 17,5% опозициски настроени. Во Скопје тој процент го нормиравме на 11,7% со 12,5%. Кај интелектуалците 7,8% ги окарактеризиравме како позиционо и 21,2% како опозиционо настроени.

Испитаниците без образование и со ниско образование се повеќе наклонети кон властите[a] (61% наспроти 49%), оние со средно образование се благо против властите (55% наспроти 45%). Албанците од сите категории се убедливо против властите.

**Старост**

Пензионерите се на страна на властите (67,2%), додека студентите (78,7%) и вработените (58,4%) се против нив. Други посебни карактеристики на вработените и невработените не можеме да маркираме како важен и сигурен индикатор, освен дека младите до 30 години (69,5%) и од 30 до 40 години (62,7%) се против властите.

**Состојба со вработеност**

Вработените повеќе од просекот одговараат дека „не знаат", „не можат да проценат" или нивните одговори одат под „друго". Тоа посебно важи за селските средини. Вработените интелектуалци бележат пониска толеранција кон постапките на властите, а посебно во случаи на девастирање на институциите на системот. Младите невработени скоро и да немаат некои посебни карактеристики, освен ако се студенти и во тој случај се многу критични кон постапките на властите. Македонските студенти скоро и да немаат одговори „не знам", и „не можам да проценам" и потполно се критични кон властите. Скоро сите млади, студенти и невработени, кои како главен медиум го користат интернетот за сопствено информирање, се критички настроени кон властите. Албанските студенти имаат „не знам" и „не можам да проценам" одговори над просекот, скоро по секое прашање, посебно ако се работи (а се работи) за национална политика, која е поврзана со ВМРО – ДПМНЕ, и многу малку се наклонети кон властите.

**Висина на примања**

Најголем дел од оние, кои имаат примања над 50.000 денари (нивната концентрација ја констатиравме на малку анкетни места) демонстрираат или голема попустливост кон постапките на властите, или (помал дел) голема нетрпеливост кон таквите постапки, политики, владини проекти и сл. Кај нив скоро и да нема средина и недоумици. Како и да е овој сооднос на „богатите" е 68 наспроти 32% во корист на властите.

---

[a] Без калкулација на оние кои се воздржале од одговор.

## Трик прашања

за проверка на знаење за надлежности на институциите

**Прашања,** кои ги поставивме:

Дали Парламентот правилно ги извршува законите, кои ги носи владата?
Дали мислите дека апелациониот суд носи закони во корист на граѓаните?
Дали мислите дека УЈП навреме може да го прочисти избирачкиот список?
Дали центрите за социјални грижи треба да ги засилат активностите за регистрирање на невработените лица?
Дали мислите дека Центарот за управување со кризи треба да се вклучи во решавање на политичката криза во РМ?

**Понудено мени:** не знам, нема таква надлежност, да, не.

**Правилниот одговор** на сите овие прашања е дека институцијата „нема таква надлежност", но резултатите покажуваат високо непознавање на надлежностите на институциите.

**Заклучок:**

Ситуацијата со знаењата за надлежностите на институциите и нивниот делокруг на работа се катастрофални! На овој блок прашања, во просек најточно одговориле во Охрид (29,3%), потоа во Скопје 24,4%, па во Прилеп 24,2 %, а Битола (22,8%), Велес и Штип (двете со по 20,1%) се со слична дистрибуција на точни одговори. Албанците во Скопје (8,12%) и Тетово (14,1%) не одговараат исто, а Руралните општини имаат знатно понизок процент на точни одговори. Штип (26,5%) и Битола (23%) најмногу одговориле „не знам".

**<u>Вториот блок прашања</u>** го испитуваше познавањето на граѓаните на своите законски права, во корелација со нивната решеност и желба да го употребат тоа свое право.

Прашања, кои ги поставивме:

**1. Дали мислите дека граѓаните имаат право да пријават случај на корупција во антикорупциска комисија**
**- Дали вие би пријавиле таков случај**

Дека ова право постои во Штип одговориле 100% испитаници, во Скопје 96,2% и освен во Тетово, каде само 77,4 % знаат за ова право, сите градови имаат високи одговори. Во руралните општини тој процент е понизок и се движи од 36% во Општина Ново Село, па до 77,8% во Охридските села.

Дали тоа право тие би го употребиле, во просек одговориле 75,4% со 70,7 % дека тоа право би го употребиле.

Распределено по општини, најголема разлика во сознанието за постоење на правото и решеноста и желбата да го употреби има во Штип (15,4%) и Прилеп (12,3%). Во Охридско, во 11,1 % случаи испитаниците мислат дека ако го немаат тоа право, сепак би го бранел.

| | Друго | ДА | НЕ | Не знам | Разлика „да" |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 1** | 4,5 | 79,9 | 7,1 | 8,6 | 6,5 |
| **Просек 2** | 3,2 | 73,4 | 12,8 | 10,5 | |

**2. Дали граѓаните имаат право да поведат судска постапка ако некое право им е нарушено**
**- Дали вие би повеле таква постапка ако се работи на пример за функционер**

Повторно Штип со 100% знае за тоа право, тука е и скопје со 98,2%, Гостивар со 96,4%, а најниски резултати има кај Општина Ново Село со 68%. Сепак, правото на судска заштита е нешто што општо се знае.

Разликата со решеноста да се брани и употреби тоа право, ако мора да се застане против функционер покажува се движи од 26,8% во Велес и 26,3 % кај Албанците од Скопје, па до убеденоста дека иако го нема тоа право, ако е против финкционер – може (-10,4%) и размер од 2,3 % во Скопје. Просекот на разлика е 16,8%.

| | Друго | ДА | НЕ | Не знам | Разлика „да" |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 1** | **1** | **87,4** | **6,4** | **5,1** | **16,8** |
| **Просек 2** | **3** | **70,6** | **13,5** | **13** | |

**3. Дали граѓанин има право да одбие да присуствува на митинг или јавна средба ако му е така наредено**
**- Дали вие би одбиле таква наредба**

На ова прашање потврдно одговориле 84,1% од Охрид и скопските Албанци, 83,3 од Скопје, а најниско 50% во Ново Село. За ова право знаат 72,1%, а личното тоа право би го оствариле 70 %. Највисоко тоа право на би го искористиле во Охрид 26,2% и Ново Село (20%), а во Охридските села за 11,1 % повеќе испитаниците не би присуствувале на таков митинг иако знаат дека „тоа не е паметно". Повеќето одговори овде се „минусни", односно наспроти сознанието, кај нив се јавува револт.

| | Друго | ДА | НЕ | Не знам | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 1** | **5,3** | **72,1** | **15,2** | **7,3** | **2,1** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 2** | **4** | **70** | **14,1** | **11,8** | |

**4. Дали граѓанин има право на протест, дури и ако протестот не е пријавен во полиција**
**- Дали вие би излегле на таков протест**

На ова прашање во Илинден и Тетово (со по 56%) имаат највисок удел, а најнизок е во Охридските села со 22% и Ново Село со 28 %. Сепак, 40,9% е националниот просек за знаењето за тоа право, но истото би го искористиле 33,2%. Не знаат да одговорат 17,6%, а разликата помеѓу познавањето на тоа право и решеноста да го искористат е 7,7%, што е прилично ниско. Ова прашање може да се стави во корелација со следното прашање за насилните демонстрации.

| | Друго | ДА | НЕ | Не знам | Разлика |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 1** | **4,2** | **40,9** | **36,3** | **18,6** | |
| **Просек 2** | **4,8** | **33,2** | **44,3** | **17,6** | 7,7 |

**5. Дали ако биде оценето дека нема друг начин, одобрувате и насилство на протестите**
**- Дали вие би учествувале во такви насилни протести**

На ова прашање е изразен висок страв да се учествува во неопходни насилни протести („ако нема друг начин") од 59,6% кои не одобруваат насилие на демонстрациите и 67,1% кои не би учествувале во такви протести, наспроти 19,1% кои одобруваат такви протести 17,2% кои кои би учествувале на такви демонстрации. Ако се земе одговорот на претходното прашање, каде само 40,9 % мислат дека непријавените демонстрации се законско право, наспроти 36,3% кои мислат дека секој протест треба да биде претходно најавен во полиција и решеноста од 33,2 % да се искористи тоа право, наспроти 44,3% да не се искористи, гледаме дека се работи повеќе за **неинформираност** отколку за личен опортунизам. Ако на тоа му се додадат одговорите на прашањето „Дали полицијата употребува прекумерно насилство кон протестантите", каде дека полицијата не употребува прекумерно насилство против демонстрантите се изјасниле 41,1% (22,3% - „Потполно да" и 18,9% - „Делумно да") од испитаниците, наспроти оние, кои мислат дека полицијата употребува прекумерно насилство (14,4% - „Делумно не" и 30,2% Потполно не") во висина од 44,6% (со 13,9% резервираност), станува јасно дека **однесувањето на полицијата е значаен фактор во одвраќањето на граѓаните да протестираат.**

Со оглед на фактот дека сите демонстрации во Македонија се „трабантски пристојни", ненасилни, без никаква вистинска решеност некого да предизвикаат (ако споредиме со Германските, Француските, Америчките... нашите демонстрации се „прошетки низ природа"), одговорите шокираат. Дури и кај младите одговорите не се нешто многу повисоки (за правото на непријавен протест знаат 56,4%, тоа право би го искористиле 48,8%, околу 51% не одобруваат насилие на демонстрациите и 57,3% не би учествувале на такви протести, а 59,5 % мислат дека полицијата употребува прекумерно насилие против демонстрантите). Што е тоа што толку многу ги плаши граѓаните да превземат „непријавена" активност или да учествуваат во протести, во кои револтот може да премине во одредено насилие?

| | Друго | ДА | НЕ | Не знам | Разлика „не" |
|---|---|---|---|---|---|
| **Просек 1** | **7,9** | **19,1** | **59,6** | **13** | |
| **Просек 2** | **3,3** | **17,2** | **67,1** | **12,2** | 1,9 |

Гледано генерално на целиот овој **блок** прашања, граѓаните го знаат **правото на пријавување корупција и би се решиле на тоа и лично,** со висока сообразност на едниот став и практиката, која би ја презеле (разлика од само 6,5%), но ако се работи за судски процес против функционер, иако има високи одговори дека имаат право да си ги заштитат правата, 16,8% не би презеле личен ризик да застанат против функционер на суд, иако знаат за тоа свое право. Исто така, не толку високо, како кај другите 2 прашања, но сепак доста високо (72,1%) граѓаните знаат дека не мораат да излезат на „нарачани" протести и исто така висок процент не би излегле, со разлика од само 2,1 проценти помеѓу декларираното и личната решеност. Ова, се разбира, не одговара на вистината и практиката е различна и тоа јасно и недвосмислено ни го нотираа вработените во институциите во 57 – те структуирани интервјуа, кои ги реализиравме пред анкетата. Тие нагласуваат дека „не е можно примените на работа барем во последните 5 години, да не присуствуваат на настан, ако им е така наредено"„„има списоци во секој автобус, секој има добиено СМС порака и нема шанси да не се дојде"„ „ниту оправдување од лекар не важи во вемерето: $15,^{00}$, пред Цепенков - Точка", или „дури и директор да си, пратеник, ... Господ да си – ќе дојдеш".

Ниското познавање на правото на непријавени протести е изненадувачко. Илинде, Тетово и Гостивар да знаат за тоа право, а Скопје (знаат 42,5%) да не знае е просто изненадувачки факт. Во анкетите од 2009 и 2011 година АГТИС констатира високи 64, односно 71% дека граѓаните знаеле за тоа право. Сега анкетниот тим се прашува дали згрешивме со локациите во центарот на градот каде има многу административци или има друго објаснување.

**Третиот турнус прашања** ги мери верувањата за степен на сообразеност на замислената уставна положба на институциите спрема она што граѓаните сметаат дека практично се случува со уставната положба на институциите (чувство на однос за номинално и фактичка поделбата на власта).

1. **Дали мислите дека кај нас во практика реално постои тројна поделба на власта**

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **28,1** | **57,4** | **12,9** | **1,5** |

Првото е директно прашање, кое е пондер за останатите од овој турнус се крие суштината на одговорот **дали каузалноста функционира во свеста на просечниот граѓанин**. Значи, ако се каже дека кај нас не постои тројна поделба на власта, а така е и кажано во 57,4%, наспроти 28,1%, кои мислат дека постои, последично и СЈО би морало да биде уставна категорија, току заради тоа што треба да помогне да се воспостави повторно тројна поделб на власта, па барем „двојна" (власт – судство). Сепак, само 52,6% од испитаните мислат дека СЈО не е противуставно тело.

Скопје (55,7% - СЈО е уставно) повторно изненадува со одговори под просекот, зад Штип (77%), Тетово (74,4%), Охрид (71%), Охридските села, Велес, Општина Илинден, Скопските Албанци... Иако во Штип мислат во 77% дека не постои тројна поделба на власта, не воочиле дека СЈО заради тоа и постои, па одговориле само 53,9% дека СЈО е уставна. Во Прилеп и Велес над една четвртина не го знаат одговорот, што е далеку над просекот за „не знам".

**2. Дали мислите дека специјалното јавно обвинителство е противуставна институција**

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **27,5** | **52,6** | **18** | **1,8** |

3. **Дали мислите дека државните институции се независни од Груевски и најблиските соработници**

   Одговорите на ова прашање се мошне индикативни и јасно (65,3% наспроти 17,7%) е дека граѓаните веруваат дека институциите не се независни од Груевски и врхушката, но корелацијата со мислењето за уставноста на СЈО не е доволно расчистена во главите на испитаниците, па заради тоа нема поголемо поврзување на формирањето на СЈО со „заробувањето" на институциите од Груевски и партијата (просек од 52,7%). Во Тетово таа корелација е 73% со 81%, во Гостивар 76,8% со 79,1%, во Битола 66% со 75,9.

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **17,7** | **65,3** | **15,2** | **1,8** |

Овие одговори, ако се соберат и поделат со бројот на поставените прашања, се добива степен на **„Општа каузалност".**

**Четвртата група прашања општите прашања ги пропушата низ дневно – политичка призма** за да се види дали општиот принцип се применува во проценка на посебни политички прашања.

**Тука резултатите** покажуваат дека се граѓаните свесни дека нема тројна поделба на власта, односно ја знаат вистината. Спрема структуираните интервјуа, во кои 100% испитаници со сигурност знаат дека такво нешто не постои, освен на хартија – тоа е точно во 65,3%, а 17% не знаат или одговориле неразбирливо за да можат да се класифицираат. Дополнително, во структуираните интервјуи сите до еден опоменаа дека јавноста не е ниту свесна колку се трите власти стопени во една, до тој степен што скоро и да не се возможни исклучоци или изненадувања[b].

[b] На пример, судиите мислат дека ќе бидат сменети за не подолго од 1 - 2 месеци, ако не послушаат наредба, па одма ќе станат недостојни за извршување на должноста, ќе им накалемат „груби кршења на ...". Имено, 96,5% од институционалните испитаници (55 од 57) го наат и механизмот како настанува и се одржува оваа скоро 100% послушност. Рачунџиството е факт во Македонија, но тоа не е „ниту пола приказна": основната стратегија е стратегија на инволвирање во криминални дејствија, пречекорување и злоупотреба на овластувањата и вмешување на „новопечениот функционер" во злосторничко здружување. Така, овие не смеат да го сменат ставот и да престанат да кршат закони, заради тоа што против нив во секој момент има припремена кривична пријава. Заради тоа се и обвинителите толку важни во целата оваа приказна. Еден обвинител, кој го интервјуиравме во друг град од местото каде работи, ни кажа дека постојат обвинители, кои ќе поведат постапка против било кого – ако им е така наредено, па дури и да нема докази: „Судијата однапред се знае, информиран е што треба да направи, обвинителот „знае што и

1. **Дали мислите дека судот постапи правилно кога не ги притвори лицата за кои СЈО бараше притвор**
Иако само 52,6 % мислат дека СЈО е уставно валидна институција, 61,4% не се согласуваат со одлуката на судиите, кои не ги притворија обвинетите од страна на СЈО. Значи, пропагандата на властите не делувала толку силно за да се заборават „Бомбите“ на Заев и освен во Гевгелиските села (48%, со 24% одговори „не знам“) и Прилеп (46,2%, но со 37,4% одговор „не знам“), сите одговори се високи. Така, скопските Албанци сигурни се дека судот не постапил правилно мислат 84,2%, а со високи резултати се и Илинден (74%), Велес (73,2%), Битола и Тетово (со по 72,6%). И овде Скопје има одговори под просекот (59,3%), што повторно изненадува.

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **19,9** | **61,4** | **16,9** | **1,6** |

**2. Дали се согласувате со аболицијата на Претседателот Иванов**

Со аболицијата на Иванов не се согласуваат 74,9%, наспроти 14,2%, кои се согласуваат, а процентот на „не знам“ и „друго“ е 10,8%, што за согласност со аболицијата остава само 14,2%. Ова е во позитивна корелација со претходното прашање и објаснува заради што имаше толку голем револт во граѓанството со објавувањето на аболицијата. Едно се судовите, во кои и онака никој нема никаква доверба, па ниту самите вработени во судството (колку повисоко во судската скала, толку повисока недоверба – констатирано од нашите структуирани интервјуа), а друго е ан – блок и априорно простување на криминалот.
Скопските Албанци тоа го одговориле највисоко со 89,4%, Битола со 88%, Гостивар со 87,3%, Штип со 84,7% и Тетово со 84,5%. Најнизок е одговорот во охридските села со 55,5%. Дека со аболицијата се согласуваат одговориле 20,3% во Скопје и тоа е највисок одговор од оваа низа (македонскиот дел од популацијата на Скопје партиципира со 20% во вкупниот број анкетирани), кој го повишува одговорот „да“ на 14,2%. Иако ова не е највисок одговор за согласност со аболицијата, Охридските села со 33,3% не партиципираат толку високо во вкупниот број испитаници на национално ниво.

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **14,2** | **74,9** | **9,4** | **1,4** |

**3. Дали е добро парламентот да носи десетици закони во еден ден**

Ова е често елаборирано прашање во медиумите, против ова ВМРО немаше некаков многу осмислен одговор (не им беше важно), па ефектуира во висока осуда на оваа практика (69,4%), наспроти правдањето на оваа постапка (13%). Повторно скопските Албанци ова најсилно го осудуваат (84,2%), Гостивар е одма после (82,5%), па Тетово (79,1%), Велес (78,1%), Штип (73%). Скопје е на средината со 70,3%, а најнизок резултат имаме во Охридските села (55,5%).

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **13** | **69,4** | **14,8** | **2,6** |

4. **Дали мислите дека владата оправдано се задолжува**
Низок процент на доверба во владините политики на задолжување (16,6%) и висока недоверба во целите на задолжувањето (64,9%).

| | ДА | НЕ | Не знам | Друго |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **16,6** | **64,9** | **14,9** | **3,5** |

Кај **интелектуалците** (универзитетски образовани и над тоа) Македонците „да“ одговориле во 9,2%, „не“ 85,5%, а не знаеле 3,3%. Кај интелектуалците Албанци 11,5% потврдно одговориле, 88,5% одречно, без „не знам“ одговори. Од другите националности 12,5% одговориле потврдно, а 87,5 одречно, без „не знам“ одговори.

Ако процентите на одговорите на овие прашања се соверат, поделат со бројот на прашања, ја добиваме **„Дневната каузалност“** или **„Дневната логика на расудување“.**

**Кај овој турнус прашања се воочува дека „дневната логика“ ја надминува општата каузалност** од претходната група прашања (општата каузалност е околу 60%, а дневната околу 68%) што

---

како“, инспекторот е задолжен да најде нешто и ако нема, па дури и да подметне. За некои луѓе е доволен стравот, „некој треба малку да биде во притвор, па да го пуштат, за трети треба пресуда, па каква била, а додека да докаже на Апелација, додека да се врати делото, повторно да се суди... помина возот, поминале 3-4 години“. Инспектор од УЈП отворено се изјасни дека: „Нема одбивање наредба – ќе те сменат, деградираат... Ти завршиле работа за жена, за ќерка, за внуче... ќе молчиш и само „јавол“. Бизнисмените се „на кумплуг“ и сакале не сакале мора или да се скријат или да соработуваат... тендери, набавки, градежни дневници, менување урбанистички планови, државно земјиште, роба на црно... бизнисот е од партијата, а преку нив само поминува“.

укажува на силен генератор на намалување на општата каузалност (веројатно пропагандата, која не се бори „дневно“, туку „стратешки“ со јавната логика и морал).

Оваа група прашања беше наменет за истражување на влијанието на пропагандата врз граѓаните и **висината на „когнитивната дисонанца“,** која можеби е постигната кај граѓаните. Ова го меревме низ прашања за проценка на високо експлоатирани политички настани, практики и состојби и степенот на отстапување од „пондерите“, кои се во суштина искрени експертски мислења на вработените во институциите. По првото прашање постои 100% консензус дека овие обвинети и сведоци можат најдиректно, неповратно и темелно да влијаат врз серија сведоци, и да превземат активности на прикривање и уништување докази, понатаму да влијаат на и преку институциите, па притворот би бил единствена можна мерка (одземањето пасоши, куќен притвор и други мерки „за обезбедување...“ би биле смешни со оглед на висината на казните, кои се пропишани за овие дела). Од друга страна, имаше „0“разбирање од страна на судовите за пријавите од СЈО, што е 100% спротивна практика од воспоставената. Во превод, постапките на судовите се најдиректен доказ дека е судството командувано директно и недвосмислено (100% промашување на потребата за притвор и 100% рез со претходната практика). Сепак, тоа во јавноста пропагандата успеала да го блокира во одреден степен, кој не е доволен за безбедност на властите.

Наместо да успее да ја сврти јавноста кон други проблеми, Претседателот и направи „мечкина услуга“ на ВМРО – ДПМНЕ, со тоа што. Наместо да одврати, збуни и да го вложи својот претседателски авторитет (колку – толку што го имаше), тој ги зајакна сите фронтови против властите, граѓанскиот протест и резистентност на вистината. Пропагандата на властите потполно е разбиена на ова поле и само кај мал број граѓани (14,2%) створиле недоумици и збунетост.

Исто така **властите се излажале кога оцениле дека носењето десетици закони во еден ден не ги интересира граѓаните**, па ова ефектуирало со правилна оценка на ваквите постапки. Експертите се 100% согласни дека овие закони се носат најекспресно за да се спречи било какво јавно размислување и реакција на експертската јавност и мрзеливата опозиција, која „веќе нема капацитет да анализира она што го носи Парламентот“. Стратегијата на властите биле концентрирани да биде власта обвинувана дека носи стотици закони во ден – два, а не да се говори за содржината на законите, кои се носеле само со задача да го олесни владеењето, комоцијата и злоупотребите на властите. Тоа бил и начин на одвраќање внимание на опозицијата и експертската јавност. Овде имаме десетина операционализации што од страна на властите сакало да се скрие, што требало да се донесе и заради што, но опозицијата тоа не можела на време „да го фати“, анализира и адекватно да го претстави во јавноста (претставувањето на самата злоупотреба во еден предлог закон е работа, која „не поминува“ пред медиумите, заради тоа што е неразбирлива и не е лесно претставлива, а со тоа и некоњуктурна за опозиционот мрзелив и каприциозен интерес“). Сепак, во сета таа папазјанија на властите и опозицијата, останала сензитивноста кон носењето на многу закони во еден ден.

Ова се однесува и на владиното задолжување, кое веќе не може да се правда со набројување кому буџетот му користи (... наставници, пензионери, социјални клиенти...) и дека СДСМ бил против развој. Ваквите постапки и начин на владеење веќе не поминува кај јавноста, која (на наше големо изненадување и сосема спротивно на нашите претпоставени хипотези) знае дека задолжувањето не е оправдано. Наше мислење е дека тоа не е заслуга само на опозицијата, која овде стави акцент, туку и на самата власт, која кон ова прашање веќе со години се однесува неиновативно, а во исто време не се гледа на терен „истурање пари“ пред избори.

Дека се овие проценти на неоправдување на владините методи, начини и постапки, што се исто така и критика на институциите и нивниот сервилен однос, може да се види и од одговорот на петтото прашање, во кое процентот на согласност дека има услови за фер избори на 5 – ти е знатно повисок од просекот по сите претходни прашања. Тука власта беше иновативна во „рекламирањето“ на терминот за избори, па имаше повисок ефект, а истовремено го руинираше кредибилитетот и рејтингот на СДСМ со пласирањето на стратегијата за потенцирање теории на заговор, поврзаност на опозицијата и „вечно негативниот“ Сорос, обидите за заострување на меѓуетничките тензии (тоа не оди кога во власта има Албанци – нели?) и „страшливоста“ на Заев.

Сепак и овде властите ја изгубиле битката со јавното мислење, кое порано ја добиваа барем со 60 : 40. Едноставно, актуелните настани ги „осветлија“ и методите на владеење и злоупотребите и трошењето... **ВМРО добива мали битки и губи во турнус.** Еден наш испитаник во структуираните интервјуа, кој бил „во секоја манџа досега“ коментираше**:** Ни се освети стратегијата „и јаре и паре“.

**Петиот турнус прашања** се однесува на мислења на граѓаните за „делатноста“, односно за нивниот непосреден контакт со институциите и нивното чувство од конкретните услуги, кои ги добиваат во институциите. Тоа е „третата страна на ставот“, кој е склоп на 1. Чувства за институциите, 2. познавање на нивните надлежности и како ги остваруваат и 3. На нивната практика со институциите.

1. **Дали мислите дека процедурите во институциите:**

| | **Се** | **Се усложнуваат** | **Не знам** | **Исто е** |
|---|---|---|---|---|

| | упростуваат | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **17,0** | **53,0** | **17,3** | **13,0** |

Скопје, со своето високо учество во целокупниот национален процент, заради своите 44,4% одговори, како и Албанците од Скопје со 42,1% го намалуваат вкупниот процент на оние кои мислат дека процедурите се усложнуваат. Инаку највисок е тој процент во Гостивар (66,9%), охридските села (67%), Општина Ново село (64%), кои ги чувствуваат овие процедури посилно од другите.

2. **Дали сега во споредба со порано,граѓаните за услугите на институциите плаќаат**

| | **Помалку** | **Повеќе** | **Не знам** | **Исто е** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **11,4** | **52,8** | **20,2** | **15,3** |

Овде изненадува дека последиците од поскапите услуги најмногу ги чувствуваат и во Ново Село (62%), Охрид (60,5%) и селските средини... а во Скопје (49,9%), Велес (48,8%), Битола (48,4%), Штип (46,2%), Битолските села (31,6%) и Албанците во Скопје (36,8%) овие плаќања се понебитни. Навистина, во овие 7-8 години земјоделците се принудени да се регистрираат како земјоделци, има високи поскапувања во цените на земјоделските производни потреби, па тоа е фактор за ваквото мислење.

3. **Во споредба со порано, потребното време за да завршите една работа во институциите е**

| | **Пократко** | **Подолго** | **Не знам** | **Исто е** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **15,3** | **47,9** | **17,6** | **18,9** |

**4. Во споредба со порано, за да завршите една работа во институциите дали треба да посетите.....институции**

| | **Помалку** | **Повеќе** | **Не знам** | **Исто** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **15,3** | **46,6** | **20,9** | **16,9** |

**5. Дали мислите дека во последните години има воведено нови давачки,кои порано ги немаше**

| | **ДА** | **НЕ** | **Не знам** | **Исто** |
|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **65,6** | **15,2** | **15,4** | **4,0** |

Граѓаните мислат дека процедурите на институциите се усложнуваат (53%), наспроти 17% дека се упростуваат, со високи 30% дека не можат да проценат, за што експертите не се согласни потполно. Постои номинално скратување на некои постапки, а истовремено усложнување на жалбената постапка, продолжување на времето за одлучување на второстепените комисии и неразумно „шетање“ на жалителите низ матичната второстепена комисија (сега „министерот“, зд кој повторно стојат тие поранешни комисии), Управниот инспекторат, обвинителството и Управниот суд. Исто така тука имаме висока согласност дека процедурите само номинално се скратени, додека фактички правата се остваруваат потешко од порано и без да се вклучи партискиот фактор (администрацијата сега има повеќе можности за практикување на дискреционото право, одвраќање на клиентите да бараат жалберна правда, судска правда, како и едноставно да не го почитуваат законот за општа управна постапка. Истовремено скоро сите „материјални закони“ се во колизија со генералните закони (Закон за општа управна постапка, Закон за облигациони односи, Закон за трговски друштва, Закон за општа даночна постапка...), што на администрацијата им дава алатки за неработа.

Експертите знаат дека сега граѓаните плаќаат повеќе од порано,а тоа го мислат 52,8% испитаници. Постојат серија трикови на властите како граѓаните, а посебно деловните субјекти и другите субјекти на пазарот да плаќаат повеќе, а истовремено да се соопштува дека одредени трошоци се намалени. Тука перфидност не и фали на власта. Голем дел од трошоците, што граѓаните ги плаќаа за сертификација, експертиза и проценка, оставарување, евидентирање и капитализација на некое свое право се намалени, со воведување на дополнителна давачка, која е дерегулирана (дадена на приватни субјекти) по знатно повисока цена, а само данокот на таквата давачка е повисока од претходната вкупна давачка. Вакви трикови има безброј и се воведени од 2009 година до денес. Исто така комуналните давачки, услугите на локалната администрација и данокот на имот и имотни права се знатно зголемени (само данокот на имот е зголемен за 100 до 600% низ државата, со задржување и/или намалување на процентот на данокот, но со знатно зголемување на проценките на имотот). Тука има многу вешти трикови, кои се движат од еколошките дозволи и проценки при градба, па до воведување нови (мали, но постојани) давачки.

**Шестиот дел** го испитува **ОСД** (општествено структуираниот дефект). ОСД е традициски ефект на рационализација, правдање и подведување под „нормално, етички, секојдневно“ на очито неморални, криминални, социопатолошки јавни настани, тврдења, постапки и политики.

Прашањата беа заведувачки тврдења – формулирани во „народен стил“, за да предизвикаат одобрување кај соговорникот: **„Дали се согласувате со мислењето дека...“**

**1. Оваа влада е добра заради тоа што иако краде-повеќе дава на граѓаните**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **12,1** | **9** | **6,2** | **57,3** | **15,4** |

Интелектуалците Македонци имаат потврдни одговори во 5,3%, „делумно да“ во 9,6%, а кумулативното „не“ (10,2 + 73%) е 83,2%, додека кај Албанците интелектуалци имаме кумулативно „да“ (10,5% + 3,5%) во 14% случаи, наспроти кумулативно „не“ во 62,8 случаи. Кај интелектуалците од друга националност има кумулативно „да“ во 35% случаи, а кумулативно не во 62,8%.

**2. Подобро е да има вработувања без потреба, отколку луѓето да бидат на социјална помош**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **19,3** | **12,9** | **13,9** | **40,6** | **12,2** |

Овде интелектуалците Македонци „потполно да“ одговориле со помалку од 1%, „делумно да“ 10,2%, а кумулативносто „не“ бележи 84,6% (12,6% + 72%). Кај Албанските интелектуалци имаме кумулативно да (34,4 + 12,6%) од 47%, а кумулативно не од 41% (18,5% „делумно не“ +23,6% „воопшто не“). Интелектуалците од останатите народности имаат кумулативно „да“ од 22,5% (7,5% + 15%) и кумулативно „не“ од 63,9% (18,5% + 45,4% „воопшто не“). Без проценка останале 5,1% Македонци, 12% Албанци и 10, 2% други националности.

**3. Луѓето, кои ги вработила партијата во институциите, на партијата треба да и вратат некако**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **22,6** | **16,6** | **9,4** | **43,3** | **9,4** |

4. **Оној – кој го вработила партијата, требало да знае што го очекува**

   На ова прашање со одговор „да“ во предност се градовите (само се Тетово со 22,6% и Гостивар со 16% во групата на рурални општини), можеби заради тоа што кај нив има вработувања по партиска линија, па знаат што тоа значи во реалност. Скопје е со највисок одговор (59,2%) и Прилеп (57,2%), додека во руралните општини Ново Село со 34% има највисо одговор „да“ и највисок одговор „не“ (60%), а најнизок имаат Охридските села со 11%. Просечниот одговор „да“ е 39,4%, „делумно да“ 13,9%, „делумно не“ 6,9% и „воопшто не“ 29,4%. 53,3% би се слоѓиле дека е тоа правилно тврдење (требало да знаат што ги очекува), 36,3% веруваат дека тоа не би требало да биде валидно тврдење.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **39,4** | **13,9** | **6,9** | **29,4** | **10,3** |

5. **Ако си функционер, глупав си ако не крадеш**

   Ова прашање е врв на провокацијата за моралното разбирање на дискурсот и предизвиците на секојдневнието. Тука во просек 55,5% одговориле дека не се согласуваат со ова тврдење, наспроти 17,1%, на кои ова им звучи разумно и 10,3% за кои делумно се согласуваат со тврдењето. Скопје тука „води“ со 70,3% несогласување, па Штип со 65,4%, Велес со 63,4%, а на дното на несогласување се Албанците од Скопје со 38,6%, наспроти 38,8%, кои сметаат дека функционерот треба да краде. Освен Охрид со 50%, кој е во групата рурални општини, сите други испитаници од руралните општини сметаат во најголем процент, но под 50% дека ова тврдење не е точно. Највисока согласност, покрај Албанците од Скопје имаат Ново Село (30%), Прилеп (24,2%), Штип (23,1%) и Велес (22%).

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **17,1** | **10,3** | **10,0** | **55,5** | **6,9** |

6. **Нема заради што институциите да даваат отчет пред народот, кога се избрани од народот**

   Давањето отчет пред јавноста, како задолжително за владата и сите други институции, компликувано со заведувачки импут („кога се избрани од народот“) дало не толку високи резултати за една земја, која треба да е демократска. Само 58,3%, кои одговориле „Воопшто не“ и 8,2% „делумно не“ (заедно 66,5%) не се согласиле со тврдењето дека владата не треба да дава отчет пред народот, заради тоа што се избрани од самиот народ. Дури 11,7% не знаат да го проценат тврдењето, а дека се согласуваат (13,2%) или делумно се согласуваат (8%) одговориле 21,2%.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **13,2** | **8,0** | **8,2** | **58,3** | **11,7** |

Интелектуалците Македонци во 6,6% одговориле и 3,9% „делумно да“, а кумулативносто „не“ бележи 80,1% (5,8% + 74,3%). Кај Албанските интелектуалци имаме кумулативно да (15,5 + 5,9%) од 21,4 %, а кумулативно „не“ од 70,7% (5,9% „делумно не“ + 64,8 % „воопшто не“). Интелектуалците од останатите народности имаат „делумно да“ од 14,4%, со нула одговор дека потполно се согласуваат, додека и кумулативното „не“ е 72,8 % (14,4% + 58,4 % „воопшто не“). Без проценка останале 9,4% Македонци, 7,9% Албанци и 12, 8% други националности.

7. **Не е грев ако се снајдеш, па и да е малку незаконски. И ти да беше така ќе правеше.**

„Снајдувањето“ како сигнификант на „курназлукот“, „уличното училиште“, „копилето“, „природната интелигенција“ (во народната традиција нема конотација на неморал, криминал...) и дискурзивното „И ти така ќе правеше“ е високозаводлива комбинација, која го релативизира моралот и моралното поведение, а ги изразува и скриените подсвесни слоеви на традицијата во нашите глави дека „навистина и ние да бевме така ќе правевме“. Со тоа тврдење се согласиле високи (потполно да 21,3% и „делумно да“ 11,5%) 32,8%, наспроти 57,6% („делумно не“ 11,1 % и „потполно не“ 46,5%). Ова е висок степен на оправдување на постапките на „избраните“ и го појаснува согласувањето со директното тврдење: „Ако си функционер, глупав си ако не крадеш“, на кое потврдно одговориле (кумулативно: „потполно да“ и „делумно да“) 27,4%. Суштински прашањето бр. 5 е потполно исто со ова прашање, но е релативизирано со додавката „и ти да беше така ќе правеше“, кое завело дополнителни 5,4%. Заедно со 9,4% анкетирани, кои не знаеле да проценат, имаме кумулативни 42,2% од испитаниците, кај кои „снајдувањето“ поминува. Тоа не е комплимент за нас сите. Радува што во Скопје (каде може да има најмногу „снајдување“) најголем број испитаници (66,6%) се категорични дека го одбиват ова тврдење, а изненадуваат Штип (кумулативно „да“ со 38,6%) со 38,5% несогласување и Прилеп (кумулативно „да“ со 38,5%) со 39,6% несогласување со тврдењето. Само општина Илинден не е заведена од тврдењето и со 52% „воопшто не“ и 18,2% „делумно не“ твори 70,2% несогласување, додека другите рурални општини имаа висока толеранција кон „снајдувањето[c]“.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценув |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **21,3** | **11,5** | **11,1** | **46,5** | **9,4** |

8. **Нормално е што партијата ги поставува судиите на функции, затоа што така се води држава**
Оваа дискурзивност не функционира толку успешно кога нема прашање „во народен стил“ (дискурсот е друг), па 57,3% не се согласиле со исказот, која проценка, заедно со 9,6%, кои одговориле „делумно не“ чини 66,7%. Во Влес тој процент е 75,6%, во Скопје 74%, а само Охрид е во групата рурални општини со 44,7% негативен одговор. Со ова тврдење највисоко се согласиле Албанците од Скопје со 38%, наспроти 44 + 14% = 58%, кои не се согласиле дека е нормално поставувањето на судиите од партијата.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **14,9** | **8,0** | **9,6** | **57,3** | **10,1** |

**Седмиот дел е наменет** за испитување на ставовите и мислењата околу **влијанието на владината пропаганда врз принципот на каузалност за политичките настани и улогата на институциите во тие процеси (**каузалноста се испитува низ серија прашања, што значи дека имаме работа со сложени заклучоци, односно со „изведена каузалност**“)**. Овде е битен **каузалниот процес на поврзување на постапките на властите,** во кои ги злоупотребуваат институциите било директно, било преку контрадемонстрациите, кои имаат улога на „народна“ потврда на создадената когнитивна дисонанца. *Главно прашање е дали граѓаните увидуваат дека единствен делотворен и ефикасен актер на политичката сцена, кој има сила, институции, пари и медиуми е ВМРО – ДПМНЕ*. Ова јасно стојалиште на било кој независен актер во Македонија би требало да биде репер, односно пондер на било каков друг став, но за жал тоа не е точно во посакуван процент – видно резултатите од анкетата, па дури ниту кај интелектуалците.

1. **Македонија не е загрозена од странските служби и домашните издајници**
Ова тврдење е поврзано со прашањето бр. 4 (дека странците го поддржуваат Зоран Заев), и бр. 5 (Нелегалните снимки се правени во македонската тајна служба) за да се истражи когнитивната дисонанца, која е сигурно ефектуирана од долготрајните настојувања на ВМРО – ДПМНЕ и нејзината пропагандна машинерија, која е и темелна стратегија на оваа партија за следните избори – кога и да се одржат дека **странците сакаат да ја уништат Македонија преку Зоран Заев, кому му ги дадоа нелагалните снимки, за тој да ја уценува владата, да ја прави се послаба и послаба, па таа да не може да се спротивстави на барањата на странците** (Договорот од Пржино и специјално формирањето на СЈО, за кое веќе имавме податоци погоре) **и на Албанците и така да стане плен на некој нов „договор“ или „војна“, после која Македонија или нема да постои, или ќе биде некој вид протекторат**... Оваа претешка задача на владеачката партија од кристално јасна ситуација („Фатени на дело“) да создаде светска завера против Македонија, покрај страшното потценување на интелигенцијата на сопствениот народ и гласачка база на оваа партија има и една друга судбоносна компонента, на која оваа партија не водеше сметка: Инструментализацијата и разоткривањето на степенот на партизација на сите институции. Но сето тоа може да помине само ако е когнитивната дисонанца преголема. Резултатите тоа не го покажуваат.

[c] Одговорите на ова прашање имаат висока вредност, заради тоа што во него поставивме дискурс дека и ние се согласуваме со тврдењето, па испитаниците мора да имаат морална структура за да се спротивстават на претпоставената наша согласност. Ова е веќе „појава“ граѓаните да не се базираат на моралност, туку го ценат дискурсот.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **19,3** | **8,5** | **11,3** | **45,2** | **15,4** |

Така, 45,2%, одговори „воопшто не", заедно со 11,3%, кои одговориле „делумно не" (кумулативно 56,5%) наспроти 27,8 % (кумулативно) не го прифаќаат тврдењето дека Македонија е загрозена од странските служби и домашните издајници. Најмалку во тоа веруваат во Велес како „воопшто не", но повеќе во тоа (кумулативно) не веруваат скопските Албанци 77,9%, во Тетово 65%, во Гостивар 70,9 %, а најмногу веруваат во Ново Село (48%) и битолските села 41, 7%. Просечно во тоа веруваат 19,3%, делумно веруваат 8,5%, делумно не веруваат 11,3%, а потполно не веруваат 45,2%. 15,4% не се изјасниле.

Интелектуалците Македонци со 20,4 % и „делумно да" со 14,4% мислат дека Македонија е загрозена, наспроти кумулативните 53,6 дена не е (12,2% + 41,4%). Кај Албанските интелектуалци дека Македонија не е загрозена мислат 54,7% (44,8 % + 9,8%) а дека е загрозена 24,1% (9,5% + 14,6%), со голем процент кои не проценуваат (21,3%). Интелектуалците од останатите народности имаат „во 71% кумулативно не ја гледаат Македонија загрозена, наспроти 29% кои гледаат поинаку. Без проценка останале 11,6% Македонци, 21,3% Албанци.

**4. Меѓународната заедница ги поддржува постапките на Зоран Заев**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **38,7** | **16,8** | **6,4** | **19,9** | 18,1 |

Сепак, 38,7%, кои потполно веруваат дека меѓународната заедница ги поддржува постапките на Зоран Заев и дека делумно веруваат во тоа одговориле 16,8% (кумулативно 55,5%), а во тоа не веруваат 26,3%, со 18,1% неизјаснети. Албанците во Скопје најмалку веруваат во тоа и најмногу не веруваат во тоа. Во Прилеп и Битола една третина од испитаниците не можат да одговорат на ова тврдење, а слично е и во битолските села. Тоа говори дека на незаконитоста на овие постапки не се подарува големо внимание (дека тајната служба е институција), ниту на замката на властите, која помина незабележано доволно, односно на каузалната врска на одговорноста на ДБК и тврдењата на властите дека сета оваа ситуација е дело на странските служби: 1. Ако е така, ДБК не си ја работела работата, па е потребна одговорност, 2. Ако не е така ДБК прислушкувала, па е повторно потребна одговорност. Ова опозицијата мошне слабо го инструментализира.

**5. Нелегалните снимки се правени во македонската тајна служба**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **42,9** | **7,4** | **4,8** | **15,3** | **29,6** |

Сепак, приказната е „пропадната" по ова прашање, заради тоа што има јасни индикации и докази дека снимките се правени дома, а не во странство, па 42,9% мислат дека е тоа така, а само 15,3% дека снимките не се правени кај нас. На ова прашање се воздржале 29,6%.

Интелектуалците Македонци и Албанци имаат доста повисок процент од просекот и повисок од највисокиот одговор по населени места (56,2% и 61,6%), додека кај интелектуалците од други националности тој процент е доста низок (25%) со голема резервираност од 50%.

**11. Протестите организирани од ГДОМ се за спас на Македонија**

Сега да ги ставиме погорните резултати во корелација со прашањето бр. 11 во оваа серија. Граѓаните не веруваат дека ГДОМ ја говори вистината, кога сака да ја спасува Македонија 52,9% со 9,4% дава кумулативно 65,3% недоверба во прикламираната мисија на ГДОМ, па со тоа и на властите (сите гледаат дека ГДОМ е составена во 100% од партиски војници на владеачката партија). Дека ГДОМ ја спасува Македонија веруваат кумулативно 21,4%, најмногу во Ново Село (32% кумулативно), но таму во тоа не веруваат кумулативно 60%, додека кумулативно Албанците во Скопје во тоа не веруваат во 79%, со 21% кои не проценуваат. И тука се гледа дека бесмислената пропаганда на владеачката партија преку ГДОМ нема толку голем ефект, колку што се прикажува во јавноста.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **15,4** | **6,0** | **9,4** | **52,9** | **16,1** |

Интелектуалците Албанци во 50% не можеле да проценат, а Македонците со 68,3% и 12,3% „делумно не" имаат знатно повисок одговор од просекот и највисок во низот (кумулативно 70,6%) одма после Гостивар и скопските Албанци.

**2. Груевски стои зад одлуката на Уставниот суд која му допушта на претседателот на државата да помилува**

Консеквентно, ако се мисли, а се мисли дека снимките се правени дома, одма станува јасно дека немаме работа со лепени, монтирани и сечени разговори, па тогаш се работи за кривични дела, за кои некој треба да биде загрижен. Така одлуките на Уставниот суд да му допушти на Претседателот на државата да помилува стануваат јасни, па 43,6% од испитаниците веруваат дека Груевски стои зад одлуката на УС, а заедно со 13% од оние кои делумно веруваат во тоа, кумулативниот процент далеку го надминува оној на овие, кои не се согласуваат со тоа (кумулативно 30%). Изненедува дека Скопје е доста ниско на таквата листа (кумулативно 50%), наспроти 40,8%, кои не веруваат дека е

тоа дело на Груевски. Скопје го „пумпа“ овој процент на недоверба (40,8% кумулативно) и „се солидаризира“ со руралните општини, кои без исклучок се под просекот дека веруваат во ова.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **43,6** | **13,0** | **6,0** | **24,0** | 13,2 |

2. **Груевски стои зад аболицијата (помилувањето) од страна на Претседателот**
Овде имаме благо покачување на процентот, спрема верувањето дека зад одлуките на УС стои Груевски, на 57,6% („потполно да“ 45,3%, со „делумно да“12,3%), наспроти 27,4% кои во тоа не веруваат (20,3% со 7,1%), а процентот на оние кои не проценуваат се покачува на 14,8. Ова е јасен доказ дека е „јавна тајна“ дека зад сите настани со УС и Претседателот стои поранешниот Премиер, а сега партиски лидер Груевски, а неговата моќ не е ништо намалена со фактот дека имаме нов технички премиер. Не е потребен подобар доказ дека сите 3 власти се монолитно споени во владетелот на ВМРО – ДПМНЕ, односно дека партијата кај нас е сфатена слично на Комунистичката партија пред 1990 година, која владее со се што постои во државата. Во суштина, ние говориме за институции (и Премиерот и Претседателот на државата и Уставниот суд се институции), кои се завладеани од патиски лидер и врхушка (кои не се институции на државата, туку партија). Исто така говориме и за јасен доказ дека партиската власт се проширила и на извршната и над судската власт и над Претседателот. Да сме во Италија, некој би рекол дека мафијата завладеала со државата и чудно е дека граѓаните тоа го знаат и сето тоа го примаат мирно, како така да мора да биде во нашиот случај.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **45,3** | **12,3** | **7,1** | **20,3** | 14,8 |

Интелектуалците Македонци се во просекот по ова прашање, но под просекот на оние кои мислат дека Груевски не стои зад аболицијата (3,4% + 13,2%), додека Албанските со кумулативни 70,4%наспроти 18% мислат дека е тоа токму спртивно. Исто и интелектуалците од други етноси имаат висок просек на согласност дека Груевски стои зад аболицијата (75,4% + 5,5%).

1. **Телефонските и интернет комуникации државата ги прислушува, односно следи**
Кога нема директно прашање, туку „државата“ е виновна (без посочување на партија и личност) процентот одма се зголемува на овние кои изразуваат недоверба во институциите. Така 52,8% со 11,4% кои делумно веруваат дека комуникациите се следени од државата, наспроти 15,1% (кумулативно) дека тоа не е така, со 20,5% кои не се изјасниле. Чудно е што секогаш кон властите настроено Ново Село со 66% верува дека е тоа така (74% кумулативно), Велес со 84% е на врвот на верување во овој исказ, а на дното се кавадаречките села со 40,7%, со 17% дека е делумно точно (57,7% кумулативно) дека државата прислушкува. Навистина од 42,9% (7,4% „делумно да“) убедени дека снимките се правени во Македонија, до 52,8% (11,4% „делумно да“) убеденост дека државата прислушкува, имаме разлика од само 13,9 процентни поени, што е голем успех на пропагандата на оваа власт. Да веруваш дека државата прислушкува, да добиеш на увид материјали („Бомбите“) дека е тоа така, да потврдат сите релевантни странски дипломати, да вештачат странски експерти дека е тоа така, да формираш СЈО, кое е директно признание дека во ЈО седат само измеќари на власта, да ја спрегнеш цела држава против тоа СЈО, да пробаш со колективна аболиција да ја спасиш кожата, судовите да направат такви преседани во врска со обезбедувањето мерки на претпазливост за обвинетите и монолитно да одлучат дека не постојат причини за притвор на функционери, кои се сеуште на власт.... и некој повторно да ти верува, па макар и ¼ од населението, тоа е навистина подвиг на пропагандата.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **52,8** | **11,4** | **3,5** | **11,6** | **20,5** |

Лицемерното гледање на бојадисувањето на институциите од страна на „Шарената револуција“, во време кога се обидуваат сите институции во државата, освен СЈО, да аболицираат и заташкаат ендемски и во Европа невидени криминали и злоупотреби после Втората Светкса Војна, е тема на ова прашање, но **целокупниот дел се однесува на когнитивната дисонанца, која не само што е создадена кај популацијата, туку е редовно, робусно и сеопфатно негувана од властите и медиумите**, па прашањето е колку многу има повлијаено врз правилното рассудување на јавнит политички дискурси.

Така, оправданите и премирни демонстрации, како воспоставување на институцијата „заштита на правото“, заштита на девастирањето на институциите (Претседателот е институција, која амнестира друга институција – Премиерот), „граѓанска грижа за нашата сопственост“... од граѓаните не е разбрана како таква. Ова е смешно со оглед на резултатите од прашањата за загрозеноста на Македонија од надвор, улогата на ГДОМ, кој стои за аболицијата, зад Уставниот суд и сл. Кршењето за 500.000 денари стана алфа и омега на граѓанската грижа за институциите.

**7. Фрлањето боја на зградите на институции од страна на демонстрантите не е вандализам**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **29,3** | **18,1** | **9,3** | **30,4** | **13,8** |

Дека овој чин не претставува вандализам се изјасниле 29,3%, со 18,1 % дека делумно не е вандализам (кумулативно 47,4%), наспроти 39,7% кумулативно (9,3% + 30,4%), со 11,5% кои не можат да проценат. Ако се земе инпутот на аболицијата, ова е прескромен резултат и јавно лицемерие, за кое не сме сигурни дека е резултат на владина пропаганда или македонското „чистунство и лицемерие". Интелектуалците Македонци се поблаги кон „шарачите" на институциите и спомениците (33,7% + 22,1%), наспроти интелектуалците од други етноси, кои со 51,6% ги осудиле како вандалски. И Албанските интелектуалци повеќе не оправдуваат (7,9 + 27,8%), отколку што оправдуваат (20,3 + 4,6%).

**8. Договорот од Пржино цело време го кочи Зоран Заев со преголемите барања**

И овде се гледа дека когнитивната дисонанца била центар на владината кампања или навистина Зоран Заев е многу неомилен и покрај тоа што не постои ставка од „Пржино" која беше прекршена од Заев и не постои точка која Груевски не ја урниса. Испитаниците со 31% кумулативно (22,5 „потполно да" и 8,5% „делумно да") процениле дека ЗЗ е кочничарот, додека 44,2 кумулативно (8,9 % + 35,3% со „воопшто не") во тоа не веруваат. Неопределени останале 24,7 %. Дека ова не е точно најсилно мислат во Гостивар (63,2%), Велес (56,1%), Тетово (49,5%) и Скопје (48,1%). Само во Ново Село и Охрид (но со 39,5% кои не можат да проценат) овој процент е во корист дека е ЗЗ кочничарот, а на сите други места некумулативните одговори се спротивни.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **22,5** | **8,5** | **8,9** | **35,3** | **24,7** |

**9. Настаните во Кумановското „Диво насеље" ги организираа Груевски и Мијалков**

Нашето барање до испитаниците да го проценат ова тврдење кај нив предизвикуваше моментен шок и „враќање во Македонија". Имаше и повеќе прекини на анкетирањето кај Македонците, посебно во Скопје и Охрид. Само 26,6% со одговор „потполно да" и 11,3% „делумно да" веруваат во ова тврдење. Спротивно, 24,9% и 2,9% со одговор „делумно да" не веруваат. Не можеле да проценат 34,1%. Во Тетово (69,8% + 13,4%) во Скопје кај Албанската популација (68%), во Гостивар (49,3% + 2%) се потврдните одговорите повисоки, додека во Штип 50% од испитаниците не можеле да проценат. И во Скопје со 29,6% не можеле ова да го проценат.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценува |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **26,6** | **11,3** | **2,9** | **24,9** | **34,1** |

Албанските интелектуалци мислат 70,4% „потполно да" и во 11,8% „делумно да" дека е ова точна констатација, што е над највисоките одговори, додека Македонските (42,8% + 3,6%) и другите (37,4% + 14,4%) интелектуалци имаат понизок процент на мислење дека е тоа точно. Сепак одговорите дека тоа не го мислат (11,3% кај македонците и 17,5% кај другите), дека делумно не го мислат (2,6% кај македонците и без поени кај другите) оставиле место за огромен процент кои не можат да проценат (39,7% кај Макеодонците, 30,5% кај другите).

**10. Демолирањето во Општина Центар минатата година, од страна на демонстрантите е оправдано, затоа што Жерновски ги испровоцира демонстрантите со своите одлуки**

Во ова тврдење не веруваат кумулативно (46,4% + 8,5%) 54,9% испитаници, а кумулативно веруваат (14,9% + 8,3) 23,2%, со 21,7%, кои не се изјасниле. За изненадување, повторно Скопје не е на врвот на листата, кои не веруваат дека демолирањето во Општина Центар е предизвикано од одлуките на Жерновски, туку со 59,2% и и 5,6% дека „делумно е тоа неточно" (вкупно 64,8%) е на трето место на листата на која води Гостивар со 72,4% (+6,9%) и Тетово со 65% (+14%). Највисок резултат од оние кои го гледаат Жерновски како причина за демолирањето има Општина Илинден со кумулативни 34%.

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценув |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **14,9** | **8,3** | **8,5** | **46,4** | **21,7** |

**12. Полицијата не употребува прекумерно насилство кон протестантите**

| | Потполно да | Делумно да | Делумно не | Воопшто не | Не проценув |
|---|---|---|---|---|---|
| **Вкупно** | **22,3** | **18,9** | **14,4** | **30,2** | **13,9** |

Самите резултати говорат за себе. Кумулативно да, односно мислење дека полицијата не употребува прекумерна сила против демонстрантите имаме кај 41,2%, а кумулатино „не" кај 34,6%. Тоа е очекуван и традиционален одговор. Нас и понатаму „полицијата не штити", иако во реалноста скоро и да не ги гледаме, освен за лошо.

## Владини проекти – проценка

**1. Проценете ја успешноста и потребноста на следните проекти на владата**

**Понудено мени: Успешно - неуспешно; Потребно - непотребно,** Не можам да проценам

Просек на одговор: „Не можам да проценам": 17,5

**Напомена:** Изразените проценти изнесуваат 100% од оние, кои одговориле (значи, ако имаме 41% успешно – подолу претставено во табелата, автоматски 59% се изјасниле „неуспешно“).

Генерално, нема јасна согласност дали проектите на владата се успешни, додека за потребноста на тие проекти граѓаните сметаат дека се тоа потребни проекти, освен проектот „Скопје 2014“, за кој само 19% го сметаат за потребен и 27% за успешен (од тие кои се изјасниле), а другите сметаат дека е потребен во 81% и неуспешен во 73%. Најпотребни и најуспешни проекти испитаниците ги сметаат: Субвенции за земјоделците (Успешен 71%, Потребен 78%) и Легализацијата (Успешен 64%, Потребен 69%). За најнеуспешни ги сметаат проектите „Македонија вработува“ (38%) иако 67% сметаат дека е потребен како проект, потоа „ Простување долгови на неплаќачите“ со 35% успешност иако 53% смтаат дека е тоа потребен проект. Скопските Албанци и жителите на Гевгелиските села најуспешно ги оценуваат владините проекти со по 55% успешност, додека најниско по успешност ги рангираат во Тетово (41%), Гостивар и Прилеп (по 42%). Дури и проектот „Компјутер за секое дете“, кое по мислењето на експертите е пример за пропаднат проект, со нула корисност е оценет со високи 41% како успешен и со 51% како потребен.

**Легенда**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Прилеп | п | Скопје | с | Скопски Албанци | А | Кавадаречки села | 5 |
| Битола | б | Охрид | о | Маврово и Ростуше | 3 | Гевгелиски села | 6 |
| Велес | в | Битолски села | 1 | Илинден | и | Гостивар | г |
| Штип | ш | Охридски села | 2 | Ново Село | 4 | Тетово | т |

| **Успешност на секој проект поединечно** | **п** | **б** | **в** | **ш** | **с** | **о** | **1** | **2** | **А** | **3** | **и** | **4** | **5** | **6** | **г** | **т** | **Просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купи куќа купи стан | 41 | 41 | 39 | 47 | 58 | 61 | 49 | 51 | 46 | 48 | 37 | 36 | 63 | 51 | 33 | 39 | **46** |
| Компјутер за секое дете | 30 | 37 | 42 | 36 | 32 | 62 | 37 | 46 | 40 | 49 | 29 | 59 | 54 | 46 | 32 | 22 | **41** |
| Македонија вработува | 26 | 35 | 26 | 34 | 39 | 27 | 29 | 37 | 33 | 41 | 47 | 62 | 59 | 58 | 35 | 25 | **38** |
| Скопје 2014-та | 19 | 26 | 26 | 29 | 41 | 22 | 21 | 20 | 35 | 31 | 10 | 44 | 40 | 30 | 27 | 11 | **27** |
| Мој термин | 33 | 39 | 35 | 50 | 55 | 48 | 53 | 56 | 66 | 66 | 53 | 51 | 53 | 68 | 55 | 49 | **52** |
| Инсустриски зони | 44 | 35 | 44 | 55 | 58 | 33 | 53 | 50 | 61 | 46 | 57 | 55 | 55 | 60 | 40 | 56 | **50** |
| Рамковно вработување во институциите | 48 | 54 | 67 | 56 | 56 | 60 | 58 | 72 | 50 | 64 | 58 | 31 | 37 | 32 | 49 | 48 | **52** |
| Легализација на бесправно изградени објекти | 71 | 60 | 66 | 68 | 69 | 49 | 62 | 63 | 65 | 49 | 77 | 68 | 64 | 63 | 61 | 65 | **64** |
| Намалување глоби за стопански субјек | 35 | 36 | 57 | 40 | 54 | 44 | 38 | 24 | 75 | 45 | 28 | 48 | 61 | 72 | 50 | 48 | **47** |
| Простување долгови на неплаќачи (сиромашни) | 35 | 13 | 17 | 30 | 35 | 37 | 28 | 26 | 50 | 32 | 26 | 29 | 72 | 55 | 37 | 40 | **35** |
| Субвенции за земјоделците | 72 | 68 | 50 | 77 | 68 | 71 | 77 | 78 | 86 | 84 | 63 | 76 | 75 | 80 | 48 | 57 | **71** |
| Инвестирај во Македонија | 46 | 28 | 49 | 40 | 55 | 28 | 25 | 43 | 57 | 48 | 46 | 67 | 36 | 44 | 32 | 35 | **42** |
| **Вкупно** | **42** | **39** | **43** | **47** | **52** | **45** | **44** | **47** | **55** | **50** | **44** | **52** | **56** | **55** | **42** | **41** | **47** |

Околу потребноста на проектите во игра е народната „се треба’, па високо ја оценуваат потребата за вакви проекти, дури и да се покажале неуспешни. Експертите се согласни дека се ова популистички проекти, кои се наменети само за одржување на власт, додека ефектите на терен се катастрофални. На пример, најсупешниот и најпотребниот проект за субвенции за земјоделците го унакази земјоделското производство во Македонија – видно статистиките на ДЗР (увозот на храна е зголемен – зависно од продуктот, за над 50%, а во некои гранки и до 75%, ораниците се намалени за над 30%, производството на жито исто така и освен порастот на градинарското производство секоја гранка бележи назадување. Тоа е уште поизразено во сточарството). Или на пример, ефектите на проектот „Македонија вработува“ ќе траат само до наредните избори и кој и да дојде на власт, па дури да е тоа повторно ВМРО – ДПМНЕ, ќе мора да има отпуштања и тоа повеќе отколку што имаше вработувања заради тоа што имаме непродуктивни вработувања, некои се постигнати со уцени на стопанството, а администрацијата го зазема првото место во светот по администрација по глава на жител. За чудење е дека намалувањето на глобите за стопанските субјекти не е толку високо ценет, иако има попозитивни ефекти од сите други. Вистина е дека владата стави акцент врз проектите и тука се посеани најголемите дезинформации, манипулации и пропагандна енергија. Овие проекти никогаш не можеше никој да ги мониторира, па ефектите се прераскажани само од владата. Со промена на власта сметаме дека ќе чуеме за ендемска корупција, неуспех и фингирање на сите овие проекти, а последиците од “проектите“ ќе бидат катастрофални следните 30 години.

Штип високо ја цени цени потребноста на владините проекти со 68%.

| **Потребност на секој проект поединечно** | п | **б** | в | ш | с | о | 1 | 2 | А | 3 | и | 4 | 5 | 6 | г | т | **Просек** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Купи куќа купи стан | 64 | 63 | 62 | 81 | 76 | 78 | 75 | 73 | 40 | 74 | 67 | 28 | 56 | 57 | 49 | 66 | **63** |
| Компјутер за секое дете | 39 | 39 | 58 | 77 | 50 | 52 | 52 | 35 | 53 | 47 | 22 | 63 | 56 | 42 | 55 | 71 | **51** |
| Македонија вработува | 61 | 72 | 80 | 82 | 70 | 68 | 64 | 73 | 59 | 65 | 50 | 63 | 70 | 71 | 64 | 54 | **67** |
| Скопје 2014-та | 16 | 15 | 19 | 17 | 27 | 20 | 13 | 14 | 20 | 16 | 8 | 43 | 30 | 28 | 14 | 10 | **19** |
| Мој термин | 52 | 45 | 77 | 79 | 67 | 64 | 56 | 73 | 68 | 70 | 74 | 45 | 71 | 79 | 61 | 74 | **66** |
| Инсустриски зони | 48 | 57 | 69 | 68 | 70 | 52 | 59 | 68 | 69 | 51 | 73 | 58 | 61 | 68 | 61 | 61 | **62** |
| Рамковно вработување во институциите | 56 | 21 | 59 | 65 | 56 | 35 | 21 | 54 | 59 | 57 | 34 | 29 | 29 | 35 | 66 | 67 | **46** |
| Легализација на бесправно изградени објекти | 56 | 65 | 82 | 72 | 77 | 67 | 65 | 81 | 64 | 60 | 72 | 69 | 71 | 66 | 65 | 72 | **69** |
| Намалување глоби за стопански субјек | 66 | 58 | 69 | 66 | 76 | 65 | 47 | 69 | 60 | 66 | 74 | 65 | 73 | 77 | 65 | 61 | **66** |
| Простување долгови на неплаќачи (сиромашни) | 50 | 36 | 42 | 42 | 58 | 65 | 34 | 75 | 74 | 70 | 69 | 26 | 73 | 60 | 38 | 33 | **53** |
| Субвенции за земјоделците | 85 | 60 | 72 | 89 | 81 | 66 | 81 | 89 | 91 | 84 | 75 | 79 | 85 | 80 | 64 | 75 | **78** |
| Инвестирај во Македонија | 70 | 78 | 80 | 81 | 70 | 68 | 65 | 63 | 60 | 65 | 62 | 70 | 36 | 67 | 66 | 24 | **64** |
| **Вкупно** | **55** | **51** | **64** | **68** | **65** | **58** | **53** | **64** | **60** | **60** | **57** | **53** | **59** | **61** | **56** | **56** | **59** |

Интрелектуалците Македонци проектот за индустриски зони го сметаат за успешен во 37,5 %, а потребен во 59,2%, тој за Албанските интелектуалци е успешен во 36,4% и потребен во 58,8 % наспроти, додека за интелектуалците од другите етности успешен е во 40,3 %, потребен е во 60 %.

Како репер на мислењето го зедовме преоктот „Компјутер за секое дете". Тука Македонските интелектуалци за успешен проектот го сметаат во 8,8 %, потребен во 38.4%, за Албанците е успешен во 12,3%, а потребен во 42%. Тие, во просек, земјоделските субвенции ги сметаат за потребни во 58%, а успешноста ја рангираат на помалку од 44% (Албанци 60,4% со 50,1%, Македонците 56,6% со 42,8%). Кај нив се сите проценки на успешност и потребност пониски од просекот, освен намалувањето на глобите за стопански субјекти, каде просеците се повисоки (Македонци: успешност 52,7%, потребност 74,9%, Албанци: успешност 49,8%, потребност 69,4%, други етноси: успешност 56,4%, потребност 65,6%).

**Преглед по проекти Успешност - потребност**

| Проект | Успешност | Потребност |
|---|---|---|
| Купи куќа купи стан | 46 | 63 |
| Компјутер за секое дете | 41 | 51 |
| Македонија вработува | 38 | 67 |
| Скопје 2014-та | 27 | 19 |
| Мој термин | 52 | 66 |
| Инсустриски зони | 50 | 62 |
| Рамковно вработување во институциите | 52 | 46 |
| Легализација на бесправно изградени објекти | 64 | 69 |
| Намалување глоби за стопански субјек | 47 | 66 |
| Простување долгови на неплаќачи (сиромашни) | 35 | 53 |
| Субвенции за земјоделците | 71 | 78 |
| Инвестирај во Македонија | 42 | 64 |
| **ВКУПНО** | **47** | **59** |

Сепак, овие владини акции само 35,4% испитаници ги сметаат за реформи на институциите, додека 47,9% не ги гледаат за такви. 16,7% не знаеле да проценат дали се тоа проекти, односно тука имаше објаснувања дека тие се наменети за други нешта (широк дијапазон мислења, но преовладуваат коментарите дека се тие создадени за испумпување на буџетот, криминал, поддршка на приватниот бизнис, начин да се зголеми јавната потрошувачка, да се доближи владата до народот, партиски рејтинг и сл). Интелектуалците мислат (Македонци: „да" 22%, со „не" 68,9 и „друго" 9,1, Албанци: 30,3%, 55,6% и 14%, други: 23,2%, 60,2% и 16,5%). Во урбаните средини овие проекти повеќе ги сметаат за реформи на институциите, додека во градските средини (освен во Велес со 43,8% одговори „да") помалку ги сметаат проектите за реформи. Овој проецент се движи од 54 % во Ново Село, па до 17,8 % во Гостивар и од 69,2% во Гостивар, до 32% во Ново Село.

| Дали сите овие проекти ги сметате за реформи во институциите | | | |
|---|---|---|---|
| | ДА | НЕ | Друго |
| Просек | 35,4 | 47,9 | 16,7 |